**20210791238**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 307/20) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 април 2021 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/21, 31/21 и 53/21) во делот II во ставот (1) во табелата во мерката 115 „Поддршка за активен женски член во земјоделско домаќинство“ износот „18.000.000“ се заменува со износот „40.000.000“.

Во мерката 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди“ износот „90.000.000“ се заменува со износот „68.000.000“.

Во подмерката „останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура (124.2)“ износот „40.000.000“ се заменува со износот „23.000.000“.

Во подмерката „консолидација на земјоделско земјиште (124.5)“ износот „15.000.000“ се заменува со износот „10.000.000“.

Во мерката 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ)“ износот „105.000.000“ се заменува со износот „99.000.000“.

Во мерката 214 „Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина“ износот „13.000.000“ се заменува со износот „19.000.000“.

Во подмерката „зачувување на генетската разновидност на автохтони раси на добиток (говедо - Буша, овца - каракачанска, овчеполска и шарпланинска овца, коза - балканска коза, куче - овчарско куче шарпланинец, овчарско куче караман и бивол - домашен бивол (214.3)“ износот „6.000.000“ се заменува со износот „12.000.000“.

Во ставот (2) во табелата потточката 1.8 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој“ се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| **1.8** | **Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** | **87.500.000** |
| | трошоци за воспоставување, одржување и надградба на регистри и бази на податоци кои ги води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (1.8.1) | 4.000.000 |
| | трошоци за воспоставување и одржување на регистри и бази на податоци кои ги води Агенцијата (1.8.2) | 14.000.000 |
| | трошоци за информирање на корисниците за мерките за финансиска поддршка во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој кои ги спроведува Агенцијата (1.8.3) | 1.500.000 |
| | трошоци за информирање на корисниците за мерките за финансиска поддршка во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој кои ги спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (1.8.4) | 6.000.000 |
| | услуги за авионски засејувања на облаците за превенција од природни непогоди и неповолни климатски настани врз земјоделски посеви (1.8.5) | 60.000.000 |
| | инвестициони вложувања за санација на метеоролошки станици како и трошоци за набавка на хардвер и софтвер за хидрометеоролошка опрема и радарски систем (1.8.6) | 2.000.000 |

“.

Во точката 2 „Субвенционирање на каматна стапка“ износот „14.000.000“ се заменува со износот „12.000.000“.

II

Во делот IX по ставот (9) се додава став (10) кој гласи:

„(10) Дел од средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 20.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.“

III

Во делот XI во ставот (2) во алинејата 1 зборот „март“ се заменува со зборот „мај“.

IV

Во делот XII во ставот (2) износот „105.000.000“ се заменува со износот „99.000.000“.

V

Во делот XIV во ставот (3) износот „6.000.000“ се заменува со износот „12.000.000“.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 40-4028/1 | Претседател на Владата |
| 6 април 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |